**Известување за концентрацијасо која Словенија Бродбенд С.а.р.л. Луксембург, ќе стекне контрола над Телелинк Бизнис Сервисис Груп АД, Бугарија (предмет бр. 08-132/2021)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 07.12.2021 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која друштвото **Словенија Бродбенд С.а.р.л** (Slovenia Broadband S.à.r.l), со регистрирано седиште на адреса Руе Едвард Стаихен 2, 2540 Луксембург, Големото Војводство Луксембург, има намера да стекне единствена контрола директно врз **Телелинк Бизнис Сервисис Груп АД** (Telelink Business Services Group AD), со регистрирано седиште на адреса Бизнис центар Ричхил, блок Б, 6 Панорама Софиа ул., Малинова Долина Вила Област, 1766 Софија, Бугарија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Словенија Бродбенд С.а.р.л** е во крајна сопственост на фондови кои ги советува БЦ Партнерс ЛЛП (BC Partners LLP), меѓународен инвестициски фонд со седиште во Лондон. БЦ фондовите се исклучиво финансиски инвеститори, т.е. не се вклучени во секојдневните деловни активности на компаниите во кои инвестираат, со кои управуваат сопствени одбори на директори.

**БЦ Партнерс** има регистрирано присуство во Република Северна Македонија преку следните индиректно зависни друштва:

**Тотал ТВ ДОО Скопје**, со регистрирано седиште на Булевар ВМРО бр. 3, Центар, Скопје, кое се бави со дистрибуција на медиумски содржини преку DTH техничка платформа, и

**ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје**, со регистрирано седиште на Орце Николов 68/3, Центар, Скопје, кое се бави со маркетиншки дејности.

**Телелинк Бизнис Сервисис Груп АД** претставува холдинг друштво кое управува со друштва кои се активни со информационо-комуникациски технологии. Главните деловни активности на Телелинк претставуваат административно-финансиските услуги, како и услугите на управување и поддршка на развој на работењето, како и продажбата на услуги на клиенти низ Бугарија и светот.
Во Северна Македонија, Телелинк е присутен преку друштвото Телелинк Бизнис Сервисис ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на адреса Фјодор Достоевски 72/1-4/5, Карпош, Скопје.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпаде под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

09.12.2021 година
Скопје